Центар за развој на медиумите на заедниците "МЕДИУМ
Qendra për Zhvillimin e Mediave të Bashkësive "MEDIUM"
Center for Media Community development "MEDIUM"

Референтен број: 0503-233

**ОПИС НА НАДЛЕЖНОСТИ**

**ПРОЕКТНА ЗАДАЧА (ToR)**

**АНГАЖИРАЊЕ НА НОВИНАРИ/МЕНТОРИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРАКТИКАНТСКА ПРОГРАМА**

## 1. ВОВЕД

Проектот „Заедно за поквалитетно локално новинарство" се спроведува во рамки на IPA 2020 EU FOR RULE OF LAW - EU support for Enhancing Journalists Rights", а е финансиран од Европска Комисија.

**Општата цел** на проектот е зајакнување на капацитетите и промовирање на професионалните стандарди на новинарите од локалните медиуми.

**Резултати на проектот:**

**Р1:** Зајакнување на капацитетите на локалните новинари, посебно претставниците на етничките малцинства за практикување на истражувачко новинарство, дигитална и медиумска писменост, како и стандардите на човековите права во нивната работа;

**Р2:** Зајакнување на капацитетите на студентите по новинарство за професионален развој и креативно медиумско изразување преку практикантска работа;

**Р3:** Зајакнување на влијанието и соработката помеѓу локалните граѓански организации и локалните медиуми за промоција на новинарските права, поттикнување на борбата против сите форми на насилство врз новинарите, промоција на професионалните стандарди и слободата на говорот.

**Целна група:** Локални медиуми од проектните општини, сопственици, уредници, новинари и медиумски работници, граѓански организации и студенти по новинарство. Проектниот фокус опфаќа географска покриеност на западниот регион на Република Северна Македонија, вклучувајќи ги општините Гостивар, Тетово, Куманово, Шуто Оризари, Дебар, Кичево, Струга и Охрид.

## 2. РАМКА НА ЗАДАЧАТА

### 2.1. Цел на задачата:

Менторската задача се состои од вклучување на тројца новинари во практиканстската програма и кои би работеле со вкупно 15 млади практиканти при подготовка на теми/новинарски прилози (текстови, аудио/видео материјали).

### 2.2. Активности за исполнување на задачите:

Од новинарите ангажирани за менторирање и работење со младите вклучени во практикантската програма се очекува:

- Одржување на редовна комуникација и состаноци со одредените млади и помош при пополнување на работно досие (дневник на учење);

- Менторирање на процесот на продукција на една новинарска сторија (анализа, мултимедијален напис, интервју, колумна, репортажа, подкаст...) во зависност од преференциите на практикантот и локалниот медиум.

Ќе бидат ангажирани вкупно 3 (тројца) ментори, а секој од нив ќе биде одговорен за 5 (пет) млади новинари/практиканти и за нивната подготовка на минимум еден новинарски прилог по младо лице, вклучено во одреден локален медиум.

### 2.3. Специфични активности

Вклучувањето на 3 (тројца) ментори/новинари е од клучно значење за младите практиканти/студенти по новинарство да имаат повеќе можности да стекнат практична работа на теми поврзани со истражувачкатановинарство, етика во новинарството, новите трендови во новинарството итн. На крајот од програмата за практикантска работа, која ќе трае 3 месеци, ангажираните ментори се должни да известуваат за менторската работа, вклучувајќи го ангажманот што го имале и постигнувањата на младите практиканти за кои биле одговорни.

## 3. ВРЕМЕНСКА РАМКА

### 3.1. Датум на започнување и период на спроведување на специфичните активности

Секој ангажиран ментор ќе има вкупно 4 месеци планирана временска рамка за спроведување на менторскиот процес.

Поконкретно, периодот на менторски процес се состои од вкупно 3 месеци за менторирање на процесот на продукција на една новинарска сторија (анализа, мултимедијален напис, интервју, колумна, репортажа, подкаст...) во зависност од преференциите на практикантот и локалниот медиум и 1 месец за подготовка на работно досие (дневник на учење) кој ќе се потполнува од практикантот и пополнување на временска рамка за менторската работа, вклучувајќи го ангажманот што го имале и постигнувањата на младите практиканти за кои биле одговорни.

**3.2. Цена**

Вкупните планирани финансиски средства за ангажирање на новинари/ментори за спроведување на практикантската програма за млади според финансискиот план за изнесува 3.600 евра во денарска противвредност (3 ментори x 4 месеци ангажман x 300 ЕУР месечно = 3.600 ЕУР распределени меѓу менторите).

Трошоците паѓаат на сметка на проектот **„**Заедно за поквалитетно локално новинарство**"**.

**3.3. Начин на плаќање**

Плаќањето ќе биде извршено по реализација на планираните активности на менторите и по доставување на временска рамка за извршување на задачите.

**4. УСЛОВИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ**

Менторот треба да ги исполнува следните минимални услови:

- најмалку 3 години искуство во новинарството;
- претходно искуството на позицијата уредник и претходна работа со млади новинари и ЕУ поврзани проекти е добредојдено;
- искуството во менторство на новинари, ќе се смета за предност;

Пожелни вештини:

- Напредно користење на алатки за мултимедијални содржини и алатки за визуелизација на податоци;

- Алатки за истражување и верификација на податоци;
- Комуникациски вештини и соработка со поединци и групи од различни културни, етнички и други заедници.

**5. НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ**

Начинот на кој можете да се пријавите детално е опишан во документот „Барање за прибирање на понуди“, кој е составен дел од тендерската документација.